Бр./Nr 12-1607/4
30-07-2026
г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-1607/1 од 31.03.2026 година, оформен по пријава со наводи за можни неправилности во постапката за спроведување на огласот и изборот на кандидати за наставници во СОУ „----" – ----, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што по наводите од пријавата веќе постапил надлежен инспекциски орган кој не утврдил неправилности или незаконитости во постапката за вработување.

Предметот со број 12-1607/1 од 31.03.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на непознат подносител, е поднесена пријава со наводи за неправилности во постапката за спроведување на огласот и изборот на кандидати за наставници во СОУ „----" – ----, по која е оформен предмет со број 12-1607/1 од 31.03.2026 година.

Во пријавата подносителот наведува дека, како лице со завршено образование и стекнати 240 ЕКТС кредити, не бил избран во постапката за вработување по објавениот оглас, додека биле избрани кандидати за кои, според наводите во пријавата, не ги исполнувале пропишаните услови за вработување. Подносителот смета дека постапката не била спроведена согласно законските прописи и начелата на еднаков третман и транспарентност.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот просветен инспекторат.

На ден 22.06.2026 година, Државниот просветен инспекторат достави Известување со број ----, во кое е наведено дека по барање на ДКСК бил извршен вонреден инспекциски надзор во СОУ „---- “ – ---- во врска со законитоста на постапката за спроведување на огласот и изборот на кандидати за наставници.

Од доставеното известување произлегува дека при надзорот била извршена проверка на целокупната документација поврзана со огласот и постапката за избор на наставен кадар. Утврдено е дека по објавениот оглас биле пријавени повеќе кандидати, при што дел од нив биле избрани согласно исполнетоста на законските услови и потребите по огласот. Воедно, било констатирано дека четири кандидати не биле примени поради тоа што не ги исполнувале пропишаните услови за работното место, односно поради несоодветна стручна подготовка и недостаток на потребните квалификации. Согласно наодите од извршениот инспекцискиот надзор, причините за неизборот на овие кандидати биле утврдени и соодветно образложени во постапката за избор.

Државниот просветен инспектор утврдил дека директорот на СОУ „----“ – ---- не сторил повреда на Законот за средното образование ниту на Законот за наставници и стручни соработници при вработувањето на наставниот кадар по објавениот оглас. Исто така, било констатирано дека при инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности, поради што инспекциската постапка била запрена.

Во однос на конкретниот навод во пријавата дека наводно било примено лице со понизок степен на образование (средно образование), наспроти подносителот кој има завршено високо образование, ДКСК констатира дека овој навод не се потврдува од доставената документација и извршениот инспекциски надзор. Имено, од известувањето на Државниот просветен инспекторат произлегува дека сите избрани кандидати по објавениот оглас се лица со завршено високо образование и соодветна стручна подготовка за конкретното наставно-предметно подрачје, согласно условите утврдени со Законот за наставници и стручни соработници. Воедно се констатира дека законските прописи на кои се повикува подносителот (Закон за основно образование и Колективен договор за основно образование) не се однесуваат на предметната установа, бидејќи СОУ „---- “ – ---- е установа за средно, а не за основно образование.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи предвид дека по наводите содржани во пријавата веќе постапил Државниот просветен инспекторат како надлежен орган во рамките на своите законски овластувања и дека при извршениот вонреден инспекциски надзор не се утврдени неправилности во постапката за вработување, ниту се потврдени конкретните наводи од пријавата, ДКСК оцени дека не постојат основи за натамошно постапување согласно своите законски надлежности.

Од наведените причини, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: Б.Х.-член/anëtar